ЈАНУАРИ 01- ДЕКЕМВРИ, 31, 2023

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## Годишен Наративен Извештај за активностите на ЗНМ

Здружение на новинарите на Македонија

Здружение на новинарите на Македонија

# Реализирани Настани во рамките на активностите на ЗНМ

## 31.01.2023

ЗНМ одржа јавна дебата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми (ААВМУ) на која покрај претставниците на ЗНМ, присуствуваа и директорот на Агенцијата со претставници од Советот, како и репрезенти на дел од националните телевизии.

Целта на средбата беше да се разгледа и дискутира барањето на ЗНМ за измена на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување, каде што би се регулирала обврската на радиодифузерите за ангажирање на медиумски работници надвор од Скопје

www

## 01.02.2023

**Работен состанок со членовите на секцијата на фоторепортери.На средбата една од темите беше за правните механизми кои можат да се преземат при „крадење на авторски фотографии“**

www

## 15.02.2023

Претставници на ЗНМ и членовите на Секцијата на фоторепортери при ЗНМ одржаа работен состанок со обвинители од Основното јавно обвинителство Скопје. На состанокот беа дискутирани и правосилни пресуди за прекршување на авторското право за кои во минатото обвинителството преземало дејствија по службена должност

www

17.02.2023

## Новинарски протест: Солидарно до поголеми права за медиумските работници

21.02.2023

ЗНМ оствари средба со претседателот на Собранието, Талат Џафери. На средбата беше побарано поголемо разбирање и итност во носењето на медиумските закони кои се важни за медиумските работници, како и итно да запре негативниот тренд на понижувачки и агресивен говор од страна на пратеници и политичари кон новинарите кои се почесто се соочуваат за време на вршење на работата

24.02.2023

ЗНМ потпиша Меморандум за соработка со Судско-медиумскиот совет

27.02.2023

Со предлози и гласање од страна на членовите на Секцијата на снимatели, беа избрани новите координатори на Секцијата на Сниматели при ЗНМ

08.03.2023

ЗНМ во соработка со КАС одржа работилница за онлајн медиуми на тема Дезинформации во онлајн медиумите која се одржа во Струмица.

Претставници на ЗНМ за време на посетата на Европскиот парламент и Европската комисија во Брисел ги пренесоа барањата од Новинарскиот протест.

14.03.2023

Претстваници на здружението имаа средба со раководството на Комората за приватно обезбедување на тема- поголема безбедност на медиумските работници. На средбата се споделија досегашни искуства,а и се разговараше за идните активности како реализација на заеднички обуки и кампањи кои би ја кренале свеста за важноста од работата на двете страни и би придонеле за реализација на крајната цел, а тоа е унапредување на меѓусебната комуникација

16.03.2023

ЗНМ одржа средба со Здружението на Јавни Обвинители. Темата на настанот беше, Промовирање на транспарентност и соработка. На средбата беа присутни јавни обвинители од цела Македонија, членови на управните тела на ова здружение, како и членови од управните тела на ЗНМ.

16.03.2023

ЗНМ имаше работна средба со министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и претставници од работната група за изработка на Протоколот за безбедност на новинарките на интернет

27.03.2023

Беа доделени годишните новинарски награди на ЗНМ. Оваа година комисијата за доделување на награди беше во состав Соња Колевска Делевска, Срећко Поповски и Ријад Мурати. Годинава имаше вкупно 42 пријави од кои 18 апликации за наградата новинарско истражување на теми од локално и регионално значење, 17 за наградата „Јашар Еребара“ за истражувачко новинарство и уште 7 пријави за наградата за животно дело.

28.03.2023

Секцијата на снимател при ЗНМ во состав од Ристо Мишев, Зоран Догов и Адријана Јовановска оствариja средба и работен состанок со колегите сниматели во Велес. На средбата беше разговарано за многу теми кои ги засегаат колегите дописници, нивниот статус и условите во кои работат, а беа споделени и искуства со кои се соочуваат секојдневно

10.04.2023

Секцијата на фоторепортери при ЗНМ заедно со претставниците од извршната канцеларија оствариja средба со претставници од секторот за комуникации на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија на која се дискутираше за проблемите со кои се сочуваат фоторепортерите при покривање на настан од јавен интерес

11.04.2023

Новинари од источниот дел на земјата одржаа средба на тема „Предизвици со кои се соочуваат новинарите надвор од Скопје при известувањето на теми од областа на правосудството“ на која беше присутен Претседателот на Основниот суд Штип, судијата Ѓорги Андонов, кој исто така е и член на Судско – медиумскиот совет

## 18.04.2023

Секцијата на млади новинари при ЗНМ одржа панел дискусија на тема Предизвиците со кои се соочуваат младите новинари. Една од темите на кои се говореше беше и причините за важноста од постоење и функционирање на Секцијата за млади новинари, токму поради недостигот од млад кадар во редакциите, потенцијалните начини на соработка на заеднички стории

## 20.04.2023

**Се оржа сереба со Лекарска комора на Северна Македонија. На средбата се обратија новинари кои изветуваат на теми од здравтвото како и претседателката на Лекарската комора. Двете организации се согласија дека постои потреба за подигнување на нивото на соработка и комуникацијата меѓу новинарите и лекарите преку активности со цел унапредување на положбата на лекарите и медиумските работници во кризни состојби, реализација на заеднички активности насочени кон едукација со цел подигнување на квалитетот на медиумското известување поврзано со прашања од здравствената сфера.**

## 03.05.2023

По повод 3-ти мај, Светскиот ден на слободата на медиумите организирана е крводарителска акција

## 08.05.2023

**Во Охрид се одржа тродневна работилница за изработка на новиот стратешки план на Здружението. А во наредниот период ќе бидат дефинирани и имплементирани предложените промени**

## 28.05.2023

**Реализирана е работилница за безбедност на новинарите и снимателите во соработка со МВР и ОЈО.**

## 01.06.2023

**Претставници на ЗНМ заедно со други две граѓански организации од земјава, имаа серија средби со пратеници во Европскиот парламент, со претставници на Европската служба за заеднички работи и на постојаните мисии на Франција и Германија и со други работни тела на ЕУ. Сеад Ризвановиќ, кој е член на Надзорниот одбор на ЗНМ, ги претстави напредоците и проблемите кои постојат во сферата на медиумите и новинарската професија**

## 03.06.2023

**Се организираше новинарски пикник- Со тимски дух до солидарност. Настан кој веруваме дека ќе стане традиционален и во иднина ќе ја зголеми солидарноста во фелата.**






## НОВИНАРСКИ ПИКНИК - 03.06.2023

**07.06.2023**

На покана на ЗНМ претставници на пет меѓународни новинарски и медиумски здруженија одржаа работни состаноци со клучни институции во Македонија. Средби беа остварени со претседателот Стево Пендаровски, премиерот Димитар Ковачевски, претседателот на Собрание Талат Џафери, со директорите на АВМУ и МРТ, со министерот за информатичко општество и администрација Азир Алиу, со амбасадата на ЕУ и САД во Македонија и со група на новинари

**21.06.2023**

Групата од прва година студии по новинарство од „Фонтис универзитетот“ (https://fontys.edu/) беше во посета на Здружението на новинари на Македонија и на средбата се разговараше за тековните активности на ЗНМ, локалните медиумски закони, правата на новинарите во Македонија како и предизвиците со кои тие се соочуваат во вршењето на новинарската професија

**27.06.2023**

Презентиран е Извештајот за безбедноста на новинарите на Западен Балкан Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022.

## 30.06.2023

Се одржа средба со новинари и мед. Работници од Куманово со судии и обвинители од Куманово. Темата за разговор на оваа средба беа законските измени, проактивноста во комуникацијата, редовните брифинзи и слично

## 07.07.2023

Подобрување на законските рамки, механизмите за спроведување, новите трендови и технолошките достигнувања кои влијаат на заштитата на авторското право во македонската медиумска индустрија беа теми за разговор на денешната работилница организирана на иницијатива на Секцијата на фоторепортери

## 27.06.2023

Одржан е Летен камп за млади новинари.Кампот е организиран во соработка со ОБСЕ мисијата во Скопје



# ЈАВНИ РЕАКЦИИ ОД СТРАНА НА ЗНМ




**Вкупно јавни реакции на ЗНМ во период од шест месеци: 35**

ПРОЧИТАЈТЕ ГИ СИТЕ НА ОВОЈ
**ЛИНК**

# ПУБЛИКАЦИИ 2023




**Протоколот има за цел да понуди решенија што ќе придонесат секој новинар, особено новинарките, да се чувствуваат безбедно, но и да знаат како да постапат во случаи на закани и напади преку интернет, со основна цел да добијат соодветна заштита од одговорните институции.**

Протокол за безбедност на новинарите (со фокус на новинарките) на интернет

Protokoll për sigurinë e gazetarëve (me fokus tegazetaret) në internet

Protocol for online safety of journalists (with a focus on women journalists)

**Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан (Индекс) е алатка заснована врз истражување, дизајнирана да ги мери и да ги следи промените во соодветното општествено и политичко опкружување на земјите од Западен Балкан што имаат директно или индиректно влијание врз безбедноста на новинарите и медиумските професионалци додека ја практикуваат својата професија.**




Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022

Indeksi i Sigurisë së Gazetarëve në Ballkanin Perëndimor – Narrative Report North Macedonia 2022

Western Balkans Journalists' Safety Index Narrative Report North Macedonia 2022




**Здруженијата на новинарите од земјите од Западен Балкан, со поддршка на Европската комисија формираа заедничка платформа Safejournalists.netnet за да ги следат промените во законодавството и практиката на своите земји и да се вклучат во различни активности за застапување насочени кон унапредување на политичкото законодавното и институционалното опкружување во кое работат новинарите и медиумите.**

Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2022 СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Maqedonia e Veriut: Treguesit e nivelit të lirisë së mediave dhe sigurisë së gazetarëve në vitin 2022

NORTH MACEDONIA Indicators for the degree of media freedom and journalists safety in 2022

**Ова упатство нуди збир на принципи и примери за добрите практики што новинарите треба да ги следат кога известуваат за судството. Опфаќа повеќе клучни теми, како што се пристап до информации, доверливост, заштита на личните податоци, начелото за пресумпција на невиност и правата на сите страни вклучени во судскиот процес.**




Упатство за етичко и професионално информирање за теми од судството

Udhëzues për informim etik dhe profesional për tema nga gjyqësori

Guidelines for ethical and professional reporting on judicial topics

# ИЗВЕШТАЈ ОД ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

## 2023

ЛИНК




ЛИНК

# ПРЕСЕК НА ОБЈАВЕНИ ИНФОРМАЦИИ ВО МЕДИУМИ

## 156 Објави во медиуми
## Јануари - Јули 2023

# ОБЈАВЕНИ ОДЛУКИ НА СОВЕТ НА ЧЕСТА НА ЗНМ

## 12 Одлуки
## Јануари - Јули 2023

ЛИНК

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЧАИ ОД ПРАВНА ПОМОШ ЗА НОВИНАРИ

**53**




## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЧАИ НА ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА ЗА НОВИНАРИ

**3**

# ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА -СВЕДОШТВА

ОВАА ПОДДРШКА ДАДЕ ОПИПЛИВИ ПРИДОБИВКИ, ВИДЛИВИ ВО ПОДОБРЕНАТА МОТИВАЦИЈА, НАМАЛЕН СТРЕС И НАМАЛЕНА АНКСИОЗНОСТ ШТО ЈА ДОЖИВУВААТ ЧЕТВОРИЦА НАШИ НОВИНАРИ КОИ СЕ ЗАНИМАВАЛЕ СО ПСИХОТЕРАПИЈА.

## УСПЕШНА ПРИКАЗНА Е СЛУЧАЈОТ НА КОЛЕГА КОЈ ПРЕТРПЕ ИЗВОНРЕДНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

КОЛЕГАТА ПОКАЖУВА ЗГОЛЕМЕНА СИГУРНОСТ, МОТИВАЦИЈА И ЕФИКАСНОСТ НА ЗАДАЧИТЕ. ОВА ПОДОБРУВАЊЕ ЈА НАГЛАСУВА ЈАСНОСТА И ФОКУСОТ ШТО ГИ ПОТТИКНУВА ПСИХОТЕРАПИЈАТА, А РЕЗУЛТАТИТЕ СЕ ПОПРЕЦИЗНО И ПОБРЗО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА.

# ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА -СВЕДОШТВА

ПОЗИТИВНИТЕ ЕФЕКТИ ОД ОВАА ИНИЦИЈАТИВА СЕ ПРОШИРИЈА НАДВОР ОД ИНДИВИДУАЛНИОТ НАПРЕДОК, ОБЛИКУВАЈЌИ СРЕДИНА НА РАБОТНОТО МЕСТО ШТО СЕ КАРАКТЕРИЗИРА СО ВИСОК МОРАЛ И ЗГОЛЕМЕНА ТИМСКА РАБОТА. ВО ИНТЕНЗИВНИОТ ДОМЕН НА ИСТРАЖУВАЧКОТО НОВИНАРСТВО, КАДЕ ШТО БАРАЊАТА СЕ СТРЕСНИ И ОДЗЕМААТ МНОГУ ВРЕМЕ,

ОДРЖУВАЊЕТО НА МОТИВАЦИЈАТА Е ОД КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ. НАПЛИВОТ НА МОТИВАЦИЈА ПРИДОНЕСЕ ЗА ЗГОЛЕМЕНА КРЕАТИВНОСТ И СОРАБОТКА, ОВОЗМОЖУВАЈЌИ НИ ДА ЈА ПРОДОЛЖИМЕ НАШАТА МИСИЈА СО ОБНОВЕНА ЕНЕРГИЈА. СИЛНО СЕ ЗАЛАГАМЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ОВАА ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА.

ТРАЈНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЛАГОСОСТОЈБАТА НА НАШИТЕ НОВИНАРИ ИМ ДАВА МОЌ ЕФИКАСНО ДА СЕ СПРАВАТ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НИВНАТА ПРОФЕСИЈА. БИДЕЈЌИ ВАЖНОСТА НА НОВИНАРСТВОТО ВО ОПШТЕСТВОТО ОСТАНУВА ОГРОМНО, ОДРЖУВАЊЕТО НА ОВАА ПОДДРШКА Е ИНВЕСТИЦИЈА И ВО НАШИОТ ТИМ И ВО КРИТИЧНАТА УЛОГА ШТО ЈА ИГРА НОВИНАРСТВОТО ВО ОБЛИКУВАЊЕТО НА СВЕТОТ.


10
8
6
4
2
0
JАНУАРИ
ФЕВРУАРИвности
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ

# Реализирани Настани во рамките на активностите на ЗНМ

**06.07.2023**

**ЗНМ, ССНМ и СЕММ: Остра осуда за скандалозната одлука за воведување на цензура од страна на ,,Слободен печат”**



Подобрување на законските рамки, механизмите за спроведување, новите трендови и технолошките достигнувања кои влијаат на заштитата на авторското право во македонската медиумска индустрија беа теми за разговор на денешната работилница организирана на иницијатива на Секцијата на фоторепортери при Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).

**07.07.2023**

Настанот имаше цел да ги собере професионалците, експертите и сите засегнати страни од медиумската индустрија за да разговараат и да ги истражат критичните прашања околу заштитата на авторските права во контекст на македонските медиуми.

**12.07.2023**

**Анонимни неаргументирани иницијативи за одземање на дозвола за емитување до ААВМУ може да се сметаат како притисок за радиодифузерите.**
**Со загриженост ја проследивме веста на колегите, во која се наведува дека анонимен пријавувач побарал од ААВМУ да ја одземе концесијата на телевизијата Алсат М.**



**15.07.2023**

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје од 11-ти до 15-ти јули 2023 година одржаа летен камп за млади новинари во Охрид. Темата на овогодинешната средба беше безбедност на новинарите во рамките на нивната работа.

Целта беше преку дружење и размена на искуства и практични вештини да придонесе кон градење на капацитетите и подобрување на севкупната безбедност на новинарите преку промовирање на подобра соработка меѓу колегите, споделување на локално искуство и подобро разбирање на родовите димензии на безбедноста.



**18.07.2023**

## Осуда за физичкиот напад врз сниմателот на ТВ24 Иван Камчев

Целта беше преку дружење и размена на искуства и практични вештини да придонесе кон градење на капацитетите и подобрување на севкупната безбедност на новинарите преку промовирање на подобра соработка меѓу колегите, споделување на локално искуство и подобро разбирање на родовите димензии на безбедноста.

**19.07.2023**

Професионалните новинарски здруженија и граѓанските организации од медиумскиот сектор повторно упатуваат најостра реакција во врска со начинот на кој Министерството за информатичко општество и јавна администрација (МИОА) го води процесот на јавна дебата за дополнително предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) со кои се предлага повторно воведување на т.н. државно рекламирање во земјава.

21.07.2023

## ЗНМ: Владата не смее да крие од новинарите информации од јавен карактер

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), го осудува игнорантскиот однос на Секторот за односи со јавноста и на Генералниот секретаријат на Владата кон медиумите поврзани со неодамна донесената владина одлука за спојување на концесиите за рудникот Иловица.

24.07.2023

## Кривична одговорност за експлицитните закани кон новинарката Рита Бехадини

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара итна реакција за експлицитните закани упатени кон новинарката Рита Бехадини на нејзината објава во врска со јавниот став од страна на оџата од Сарај на социјалната мрежа Фејсбук.

27.07.2023

## ССНМ и ЗНМ најостро го осудуваат попречувањето на работата на новинарската екипа на ТВ Телма

Припадници на МВР по наводна наредба на одговорните во Министерството за правда упорно и вулгарно го попречувале јавувањето во живо на новинарот Павле Беловски од Телма, иако тој бил надвор од просториите во кои се одржувала седницата на Судскиот совет и никако не ја попречувал работата на советот во која учествувала и оценувачката мисија на Европската унија на чие чело е поранешниот судија на хрватскиот Врховен суд, Бранко Хрватин.

31.07.2023

Здружението на новинарите на Македонија оствари средба со Славица Грковска заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжена за политики за добро владеење на која се разговараше за интензивирање на меѓусебната соработка, особено во делот на унапредување на транспарентноста на институциите.



10.08.2023

## ЗНМ со конкретен предлог до Владата за Нацрт стратегијата транспарентност




Предлогот кој што ЗНМ го достави до ЕНЕР за имплементација на водени жигови на соопштенијата, видеата и фотографиите кои се објавуваат од страна на службите за односи со јавност на институциите е со цел унапредување на транспарентноста односно на кој начин да се направи јасна разлика помеѓу информации кои спаѓаат во доменот на јавна комуникација на јавни институции со медиуми наспроти информации од јавен интерес.

www

## ЗНМ, ССНМ, СЕММ и МИМ: Обидот за внесување страв и самоцензура кај новинарите нема да успее

19.08.2023

Новинарските и медиумски здруженија најостро ги осудуваат грубите навреди и дисквалификации кон новинарите на ИРЛ во соопштението до медиумите на компанијата ,,Брако", а во врска со најновата епизода на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) насловена како ,,Убиство во Тетово“

www

21.08.2023

## ЗНМ: Нападнати новинари, повреден снимател од АЛСАТ, бараме итна реакција од МВР

www

## ЗНМ: Новинари и снимателите спречени да ја работат својата работа во Брвеница, осуда за инцидентот

23.08.2023

www

## 18.09.2023

### ЗНМ и СЕММ со пријава до МВР за ширење на говор на омраза на Фејсбук страната на Канал 5

Станува збор за објава на веб страната Канал 5 од 17-ти септември, со наслов ,,Нервозен арачиновец убодел двајца жители на Аеродром и се обидел да прегази група луѓе!", која потоа е проследена на Фејсбук страната на оваа телевизија, со коментар: ,,Повторно „албанофобија" а сега од страна на ОЈО?". На оваа објава споделени се голем број на коментари, а дел од нив со непримерен вокабулар и содржина која поттикнува говор на омраза и дискриминација на етничка основа.

## 21.09.2023

### ЗНМ со свој претставник на конференцијата во Шведска насловена ,,Одбрана на вистината – откривање на сознанија од истражувачко новинарство"



## 27.09.2023



Измените на Кривичниот закон кои што беа усвоени во февруари 2023 предвидуваат поголема заштита на новинарите и медиумските работници при извршување на нивните професионални работни задачи.
За таа цел, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) вчера одржа дебата на тема „Ефектите од измените на Кривичниот законик во насока на подобрување на безбедноста на новинарите и медиумските работници".

## 16.10.2023

Новинарите од тетовскиот регионален центар на ЗНМ апелираат институциите на локално и централно ниво навреме и до сите новинари да испраќаат покани затоа што тоа е во интерес на јавноста. Беше разговарано и за статусот на дописниците оти дел од нив работаат без здравствено и пензиско осигурувања.



**19.10.2023**

## ЗНМ: Претставка до Судски совет за судијата Спировска Панева за неправедно исклучување на јавност од рочиште

**25.10.2023**

## ЗНМ на денот на ОН: Борбата со дезинформации е глобален проблем кој не засега сите

За време на настанот беа одржани две панел дискусии,
За време на вториот панел, на тема дезинформации, зборуваше Билјана Настеска – Каланоска од Здружението на новинарите на Македонија задржувајќи се на последиците од овој широко распространет феномен, како и искуства и препораки на ЗНМ во борбата со дезинформациите.




**27.10.2023**

Во рамките на тековните активности кои Здружението на новинарите на Македонија ги реализира во текот на целата година, беше одржана работна средба со членовите на ЗНМ од регионалниот центар во Охрид на која учествуваа новинари и дописници од локалните како и дописници од националните медиуми. Целта беше да се опфатат клучните сегменти и секојдневните предизвици со кои новинарите и медиумските работници се соочуваат во охридско-струшкиот регион

**28.10.2023**



Во месец октомври група од над 20тина новинари и сниматели од програмските сервиси на МТВ, и од Македонското радио учествуваа на тридневна обука во Охрид за кревање на стандардите во известувањето и работењето, како и во битката против дезинформациите.

**29.10.2023**

Како дел од активностите на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) со регионалните центри на 28.10.2023 беше одржана работна средба на која учествуваа триесет новинари и сниматели од локалните и дописници од националните медиуми од Битола и Прилеп.



31.10.2023

## Напредок на стаклени нозе – извештај од Мисијата за проценка на состојбата на слободата на медиумите во Македонија

Извештајот беше презентиран од страна на експертите, Рикардо Гутиерез, кој што беше присутен на настанот додека останатите колеги, Џејми Ваисман, Лоренс Хутинг и Масимо Морати својот дел од извештајот го презентираа онлајн. Генералниот секретар на Европската федерација на новинари (ЕФЈ) Гутиерез посочи дека иако има напредок во состојбата во медиумскиот простор, го истакна проблемот со политичарите, односно дека постои итна потреба тие да ја разберат улогата на новинарите и медиумите.



www




31.10.2023

## ЗНМ, ССНМ и СЕММ: Борбата за новинарство без цензура – борба за безбедност на новинарите

По повод одбележување на 2-ри ноември, Меѓународниот ден за прекинување на неказнивост на злосторствата врз новинарите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) продуцираа подкаст емисија на тема: ,,Борбата за новинарство БЕЗ ЦЕНЗУРА – Борба за безбедност на новинарите”.

www

## ЗНМ и ОЈО: Поголема институционална заштита на медиумските работници

На денот кога се одбележува 2-ри ноември, Меѓународниот ден за прекинување на неказнивоста на злосторствата врз новинарите, Основното јавно обвинителство во соработка со ЗНМ и ССНМ назначи нови три посебни јавни обвинители за тетовското, битолското и штипското апелационо подрачје. По тој повод беше организиран настан каде пред повеќе од 30 новинари и медиумски работници беа претставени резултатите, впечатоците од досегашната соработка како и новите иницијативи



www

**07.11.2023**

**ЗНМ со ургенција до МВР во врска со нарушување на безбедноста на колегата Неврij Адеми**

**10.11.2023**

**Објавена срамната пресуда против ИРЛ: за судијката Јованка Спировска Панева новинарите во ИРЛ не се новинари и може да се соочат со забрана за работа**





**ЗНМ заедно со УНДП одржаа иницијален состанок со регионалните координатори за активностите во рамките на иницијативата „Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за справување со дезинформации и родово-базирани дезинформации“.**

**Целта на овој проект е изработка на дигитална платформа и изработка на веродостојни новинарски производи за разоткривање на пласирани дезинформации и наративи кои се однесуваат на локални прашања од повеќе градови во земјава.**

**ЗНМ и ССНМ НОВИНАРСКИ ПРОТЕСТ – Правото на граѓаните пред интересот на моќниците!**

**Под мотото ПРАВОТО НА ГРАЃАНИТЕ ПРЕД ИНТЕРЕСОТ НА МОЌНИЦИТЕ новинарите и медиумските работници го кренаа гласот против неправдите врз новинарите кои кулминираа со пресудата против Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ), со која судот си додели улога да одредува кој смее, а кој не смее да биде новинар.**



## 20.11.2023

На иницијатива на Секцијата на сниматели при ЗНМ, активот од МРТ, на 16-ти ноември, се одржа конструктивна средба на која се дискутираше за актуелните прашања и предизвици со кои се соочуваат снимателите на јавниот сервис.




## 23.11.2023

Законските обврски при преземање на авторските фотографии, скромната судска пракса за авторските права во македонскиот контекст но и потребата од колективно здружување за заштита на правата на фоторепортерите беа дел од темите на работниот состанок кој се одржа во ЗНМ, а на иницијатива на секцијата на фоторепортери при ЗНМ.




## 28.11.2023

Средба со новинари и медиумски работници од регионален центар Штип



## 30.11.2023

Како против странската пропаганда во медиумите – обуки за медиумски работници



ЗНМ: Осудителна пресуда за напаѓачот на снимателот Иван Камчев од 24ТВ

SafeJournalists: Милорад Додик мора да престане да ги таргетира новинарите и телевизијата N1

**22.11.2023**

**Спорната пресуда на судијата Јованка Спировска Панева регистрирана на Платформата за мапирање на медиумски слободи**




**24.11.2023**

**SafeJournalists и MFRR: Пресудата против ИРЛ и нејзиниот уредник во Северна Македонија мора да се поништи**




**29.11.2023**

**Вербално нападнат новинарот Неврij Адеми – заканувачите мора да одговараат**

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија
совет за етика во медиумите на македонија

**ЗНМ и СЕММ: Апелираме на крајна внимателност и етички баланс во вестите поврзани со исчезнатото девојче**

## 01.12.2023



Претставници од здруженијата и организациите кои се членки на SafeJournalists мрежата учествуваа на обуката „Вештини за преговарање“ која се одржа во Подгорица, Црна Гора. Беа опфатени важни теми и беа споделени искуства и практични примери во насока на јакнење на капацитетите како индивидуално на секоја организација засебно, така и како регионална мрежа.

Посебен фокус беше ставен на темите кои се тесно поврзани со преговарањето како стратешкото планирање и унапредување на ефективната комуникација. Истовремено беа споделени и алатки за унапредување на техниките за решавање на конфликти како и преговарачката етика во реализација на овие процеси.

## 02.12.2023

**На конференцијата за медиумска писменост – Европска унија – Западен Балкан која се одржа во Подгорица, каде што која учествува голем број на новинари, медиумски работници и медиумски организации од земјава и регионот на Западен Балкан, Здружението на новинари на Македонија имаше и свои претставници.**

## 05.12.2023

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) упати допис со укажување до градоначалничката на Скопје, Данела Арсовска во врска со објавата на нејзината официјална Фејсбук страна на 03.12.2023 година, каде што се повикува на правото на демант кој според напишаното не бил објавен од страна на медиумите.

**05.12.2023**

## Претставници на ЗНМ на конференција за локално одржливо новинарство во Загреб



**12.12.2023**

## Регионална конференција со новинари, обвинители и судии од Западен Балкан

„Заштита на слободата на печатот и зајакнување на судството во Западен Балкан“ беше темата на конференцијата која што се одржа минатата недела во Босна и Херцеговина. Покрај новинарите, претставници на обвинителства и судови , како претставници на граѓанските организации на Србија и Босна и Херцеговина, Македонија имаше свои претставници – новинари, како и обвинители и судии.



**15.12.2023**

## ЗНМ оствари работна средба со претседателот на Собранието

Младен Чадиковски, претседателот на Здружението на новинарите на Македонија и Драган Секуловски, извршниот директор на Здружението имаа работна средба со претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери.

На средбата се разговараше за важноста на медиумската регулатива и потребата од усогласеност со стандардите на Европската Унија.



15.12.2023

## Презентиран Водич за интегритет во медиумите

Во рамките на проектот – Прескокни ја лажната информација имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) денеска беше промовиран и презентиран водич за интегритет во медиумите „Меѓу предизвиците и решенијата “. Главната цел на водичот е да се дефинираат основните предизвици и клучните решенија, како и да се поддржат професионалните медиуми во напорите за непристрасно известување и избегнување влијание од центрите на моќ.

www





18.12.20233

## ЗНМ и УНДП: Обука за новинари за справување со загадување на воздухот

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамките на проектот „Справување со загадувањето на воздухот” одржа на дводневна обука за новинари на тема „Справување со загадувањето на воздухот – јакнење на јавната свест за проблемите и можните решенија“.

www

21.12.2023

## Презентација на анализата: Како до поефективна заштита од стратешки тужби против учеството на јавноста (SLAPP)

Во рамките на проектот на ЗНМ, а со поддршка на УНЕСКО „Стратешките тужби против учеството на јавноста (SLAPP) се шлаканица за граѓаните и за јавниот интерес“ , денеска беше презентирана и анализа на темата.



www




## Бенефиции за членови




## АКТИВНОСТИ




## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ




